ЗАПИСНИК

од 68-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 16.05.2025 год.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, и Николина Лозановска - советник.

На седницата како гости присуствуваа: Никола Танчевски (иноватор), Весна Кочанковска – (градежен инжинер), Македонка Соклевска (просветен работник, овластен предлагач на граѓанска иницијатива) и Гоце Димовски (жител на Општина Новаци), претставници на Граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записник од 67-та седница на Советот на Општина Новаци;
2. Разгледување и донесување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија;
3. Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финасиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата 2025“ ;
4. Разгледување и донесување на Одлука за примање на донација за организирање на „Фестивалот на жетвата 2025“
5. Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Св. Богородица“ во с. Паралово, за набавка на градежен материјал, потребен за реставрација на покривот на црквата;
6. Разгледување на Барање од Огранок на пензионери на Општина Новаци, за финансиска поддршка за реализација на тековните потреби на огранокот;
7. Разгледување на Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци;
8. Советнички прашања.

Пред да се разгледа дневниот ред на 68-та седница на Советот на Општина Новаци, Претседателката на Советот, Најдовска Стојковска, зеде збор и пред Советот на Општина Новаци предложи, дневниот ред да се измени и дополни со 1 (една) точка, која треба неодложно да се разгледа на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на висината на комунални такси во Општина Новаци.

Советниците го разгледаа Дневниот ред со предложената измената и дополнување, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 68-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 9 (девет) точки, со тоа што точката бр. 8 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 9.

1. **точка** Разгледување и усвојување на Записник од 67-та седница на Советот на Општина Новаци;

По разгледувањето, Записникот од 67-та Седница беше ставен на гласање и усвоен со **9 гласа за.**

2. **точка** Разгледување и донесување на Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години -жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија

Претседателката на Советот пред советниците, накратко го презентираше Правилникот во кој се утврдуваат критериумите и постапката за субвенционирање на млади лица до 26 год. кои живеат во Општина Новаци и кои сакаат да се стекнат во возачка дозвола од Б категорија. Субвенцијата изнесува 10.000,00 ден. и вкупниот износ на планирани средства за оваа намена во буџетот за 2025 год. изнесува 300 000,00 ден. и истите ќе бидат распределени по принципот „прв дојден, прв услужен".

По дискусијата што се разви меѓу советниците, Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Правилник за критериумите и постапката за реализација на трансфери по поднесени барања за добивање на субвенција на млади лица до 26 години - жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.

3. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за одобрување на финасиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата 2025"

Претседателката на Советот на советниците им посочи дека и оваа година ќе се организира „Фестивал на жетвата" која се организира четвртта година по ред на 18 и 19 јули, и за таа намена Општина Новаци од сопствениот буџет ќе извои 700 000,00 ден. Но постои можност тој износ да се намали, што непосредно зависи од донациите кои од правни и физички лица ќе бидат донирани за организирање на овој настан.

По дискусијата Советниците гласаа така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесоа Одлука за одобрување на финансиски средства за организирање на „Фестивалот на жетвата" во 2025 година.

4. **точка** Разгледување и донесување на Одлука за примање на донација за организирање на „Фестивалот на жетвата 2025"

И по однос на оваа точка Претседателката ги информираше советниците за тоа дека минатата година за организирање на манифестацијата „Фестивалот на жетвата" беа донирани 287.000,00 ден.(информација од Катерина Чукалевска). Тие средства во многу помогнаа за реализирање на сите активности за успешно организирање на манифестацијата по која Општина Новаци е препознатлива.

По дискусијата Советот на Општина Новаци со **9 гласа за** донесе Одлука за примање на донации од правни и физички лица за организирње на манифестацијата „Фестивал на жетвата" - Новаци 2025 година.

5. **точка** Разгледување на Барање од Црковен одбор на црквата „Св. Богородица" во с. Паралово, за набавка на градежен материјал, потребен за реставрација на покривот на црквата.

На предлог од Комисијата за финасии, буџет и ЛЕР која претходно на својата седница го разгледа ова барање, Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за одобрување набавка на градежен материјал на црквениот одбор на црквата „Св. Богородица" во с. Паралово. (1000 ќерамиди, 35 капаци и 2 м³ штици)

6. **точка** Разгледување на Барање од Огранок на пензионери на Општина Новаци, за финансиска поддршка за реализација на тековните потреби на огранокот

Советниците го разгледаа Барањето и заклучија дека барањето не е комплетно, поради тоа што не е доставена Програма со планирани активности за 2025 год.

Соодветно на тоа Советот, на предлог од Комисијата за финасии, буџет и ЛЕР, донесе заклучок дека разгледувањето на барањето се одлага за наредна седница, кога Огранокот на пензионери на Општина Новаци ќе ја достави Програмата за 2025 год.

Ваквиот заклучок беше прифатен со **9 гласа за.**

7. точка Разгледување на Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци

По однос на оваа точка, Претседателката на Советот, им даде збор на претставниците на Иницијативниот одбор на граѓанската иницијатива како поднесувачи на Предлог - иницијативата за распишување на локален референдум на територијата на Општина Новаци, за прашање кое се однесува за изградба на регионалната депонија која се планира да се изгради на територија на Општина Новаци.

Прв збор зеде Никола Танчевски кој пред советниците даде образложение на Иницијативата за референдумот, воедно правејќи споредба како прашањето за управување со отпад е решено во соседните земји и подалеку. Во неговото излагање наведе и податоци за последиците од постоењето на регионална депонија на нашата територија која ќе допринесе за уште поголемо загадување на животната средина а со тоа и штетни последици по здравјето на луѓето кое и така е со висок степен на загаденост поради несовесното работење на РЕК-Битола. Но исто така постоењето на ваков регионален центар би довело до економска деградација на регионот со сите негативни последици од тоа. Истовремено тој понуди и неколку алтернативни решенија за решавање на огромниот проблем со управувавување со отпад.

Иницијативниот одбор како претставници на месното население на Општина Новаци и Општина Битола, смета дека по вакво чуствително прашање како што е изградба на регионален отпаден центар за собирање на отпад од 18 општини од југозападниот и пелагонискиот регион, треба да одлучи народот и тоа со непосредно изјаснување преку референдум. Токму поради тоа до Советот на Општина Новаци доставуваат Предлог граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум. Покрај Предлогот тие доставуваат и формулар со потребен број на потписи според законската регулатива и образложение за иницијативата со еколошки, здравствени, правни и социјални аргументи.

По неговото излагање збор зеде Градоначалникот Стевановски, кој даде објаснување дека локацијата за регионалниот центар за управување со отпад е одредена од страна на Министерството за животна средина и Владата на РСМ и истата е наведена во Националната стратегија за управување со отпад од 2021 год. Во моментот на депонијата Мегленци е депонирано 2 милиони тони отпад, но доколку би постоел регионален центар како што се планира, тогаш количеството на отпад драстично би се намалил и тој отпад соодветно би се третирал. Тој накратко даде објаснување за постапката за тоа како ќе се управува со отпадот, кога ќе се формира Заедничко претпријатие за управување со отпад и регионалниот центар за управување со отпад. Имено тој изјави дека секое Комунално претпријатие во поголемите урбани општини, ќе добијат современи возила за собирање на отпад од домаќинствата. При тоа секое домаќинство ќе добие по две канти за отпад, една за сува фракција а втората за влажна фракција, што значи селекција на отпадот започнува од домаќинствата. Секоја општина ќе има претоварни станици каде што ќе се селектира отпадот, така што во регионалниот центар ќе се дистрибуира само 50% од влажната фракција, која соодветно ќе се третира во согласност со европските еколошки стандарди пропишани во законската регулатива.

Но исто така Градоначалникот изјави, дека за отварањето на регионалниот центар е потребно да се исполнат два услови кое на негово инсистирање до повисоките инстаци со сигурност ќе бидат исполнети. Првиот е изградба на нов регионален пат, кој ќе ги заобиколи населените места: градот Битола и селата Логоварди и Новаци, и кој директно ќе води до регионалниот центар за

управување со отпад. По однос на ова, постапката е започната и во моментот е во тек изготвување на проект за изградба на патот, кој се планира да биде изграден во тек на три буџетски години. И вториот услов е затворање на сегашната депонија Мегленци, според сите правила и стандарди пропишани во Законот за управување со отпад.

Збор зеде и Претседателката на Советот Најдовска Стојковска, која изјави дека за одредување на локацијата на регионалниот центар за управување со отпад, Советот на Општина Новаци во сегашниот состав на советот формиран од 2021 год. никогаш не разгледувал, ниту донел било каква одлука за одредување на локација за регионален центар за управување со отпад. Локацијата за овој центар е одредена од повисоките инстанци од законодавната власт и Советот на Општина Новаци како и Градоначалникот, никогаш не биле консултирани и никогаш од нив не се побарало да дадат било какво мислење за локација на депонија на територија на Општина Новаци.

Во дискусијата се влкучи и Анета Киселкоска - раководител која накратко им објасни на претставниците на Иницијативниот одбор за постапката за иницијатива за референдум според Закон за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните, во кој Иницијативата за референдум најпрво треба да биде доставена до Претседателот на Советот, а не до Советот на Општина Новаци. Од ова произлегува дека Иницијативата е погрешно адресирана и ќе мора Иницијативата повторно да се достави со назнака до Претседателот на Советот, која во рок од 3 дена треба да утврди дали предлогот е поднесен од овластен предлагач и дали се однесува за прашања за кои е надлежен да одлучува Советот.

По дискусијата Претседателката на Советот им предложи на претсавниците на Иницијативниот одбор повторно да достават Предлог-граѓанска иницијатива за распишување на локален референдум во Општина Новаци, адресирано до Претседателот на Советот на Општина Новаци како што е пропишано според законот.

Овој предлог беше изнесен пред членовите на Советот на Општина Новаци и истиот беше прифатен со **8 гласа за**.

*****Во текот на дискусијата на точка бр.7, советникот Горан Велјановски ја напушти седницата од оправдани причини.

8. точка Разгледување и донесување на Одлука за утврдување на висината на комунални такси во Општина Новаци.

Советниците ја разгледаа Одлуката со која се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правни и физички лица. По дискусијата Советот одлучи комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории да изнесува 10 ден по м², додека комуналната такса за користење на јавна површина како на пр. плоштади, да изнесува 5 ден. Додека за останатите комуналните такси да нема зголемување т.е тие да останат на истиот износ.

Советот со **8 гласа за** донесе Одлука за утврдување на висината на комуналните такси во Општина Новаци.

9. точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 68-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска